
САЈБЕРНАСИЛСТВО...
И ТОА Е
НАСИЛСТВО!

Социјалното дружење и многуте можности што ги нуди интернетот се обележје на 21 век, но дали некогаш си размислил/а за можните опасности во виртуелните средини и за тоа кои и какви сè може да бидат твоите виртуелни пријатели? **Сајбернасилството е реален проблем на денешницата, а жртва може да биде секој, вклучително и ти.** Еве неколку насоки што ќе ти помогнат да разбереш што е сајбернасилство, какви форми зазема, како да се справиш со него и како да го спречиш.

Издавач: Метаморфозис
За издавачот: Бардил Јашари
Автори: Ирина Шумадиева и Тамара Ресавска
Лектура: Маја Катарова
Илустрации: Александар Ордев
Графички дизајн: Бригада дизајн
Печати: Пропоинт

Оваа брошура е создадена во рамките на проектот **Приватност на интернет на лесен начин**, финансиран од **Институт отворено општество** и **Фондација отворено општество - Македонија**.

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека
„Св. Климент Охридски", Скопје

177.3:004.738.5
177.3:621.395.721.5

ШУМАДИЕВА, Ирина
Сајбернасилство --- и тоа е насилство! / [автори Ирина Шумадиева и Тамара Ресавска]. - Скопје : Фондација Метаморфозис, 2011. - 20 стр. : илустр. ; 20 см

ISBN 978-608-4564-11-9
1. Ресавска, Тамара [автор]
а) Кибер насилство
COBISS.MK-ID 88486154

# ШТО Е САЈБЕРНАСИЛСТВО?

Доколку си како повеќето деца и тинејџери, тогаш поминуваш голем дел од времето на твојот мобилен телефон или на компјутер, четувајќи со твоите пријатели, ставајќи слики, видеа и музика на различни социјални мрежи, кои ти овозможуваат дружење и забава. Можеби имаш онлајн-пријатели кои никогаш не си ги сретнал/а во живо, со кои играш игри и разменуваш пораки. Твојот живот се одвива на неколку места истовремено, како што се училишните ходници, домовите на твоите пријатели, но и на интернет.

**Онлајн-насилството, наречено сајбернасилство, се случува кога децата и тинејџерите, користејќи интернет, мобилни телефони или други технолошки уреди, објавуваат навредливи информации во вид на текст, слики или други видови содржини, со намера да повредат или да посрамотат друга личност.**



Со други зборови,

**сајбер-насилство е кога некој те измачува, вознемирува, понижува или на друг начин те „става на тапет“, преку интернет или преку мобилен телефон.**

WWW.BEZBEDNONAINTERNET.ORG.MK

# Случајот на Џулиен Флори

## Лондон, 2008

Сè започна за време на еден спортски натпревар во моето училиште, кога јас бев дел од една навивачка група. Откога победи тимот за кој навивав, девојките од спротивната група беа многу лути. Почнаа да нè туркаат.

Кога ме видоа следниот ден во училиште, започнаа да ме нарекуваат со погрдни имиња. Наговорија и други ученици да им се придружат во насилството. Ме провоцираа без причина, ме буткаа во ходниците, ме удираа. Завршив во болница откако еднаш толку силно ме турнаа што си ја удрив главата од бетонот и добив потрес на мозокот.

Почнав да се плашам за својата безбедност. Се затворив дома. Бев многу разочарана, уплашена, вознемирена, лута, депримирана... Си мислев дека сум безбедна дома. Но, дома имам Интернет, па работите се влошија. Заканите беа уште посериозни онлајн. Преку имејл, месинџер, Фејсбук... не е важно, од секаде добивав секакви навреди. Продолжив да разговарам со нив, со цел да им вратам, да ги натерам да престанат, но работите станува сè полоши. Ме нарекуваа дебела, глупава, никаква...

На крајот ѝ кажав на мајка ми. Таа испечати копии од навредите и отиде во полиција. Од таму ги лоцираа девојките и издадоа забрани против вознемирување, што значеше дека тие не смееја да ми се приближат или воопшто да ме контактираат. Едната девојка не е воопшто сменета, остана на улиците, се дружи со погрешни луѓе, но другата дојде и ми се извини. Веќе не ми е страв бидејќи знам како треба да постапувам и што не треба да правам.

## СОВЕТИ:

- Блокирај ја комуникацијата со сајбернасилниците. Не отворај и не одговарај на електронската пошта или пораки од некој кој знаеш дека е сајбернасилник.
- Не испраќај пораки кога си лут/а. Почекај да ти помине лутината за да не кажеш нешто за што подоцна ќе зажалиш. Не продолжувај го сајбернасилството!!!
- Зборувај со твоите родители за тоа што го правиш на интернет и извести ги најблиските возрасни за сајбернасилникот. Покажи им ги пораките и побарај помош.
- Чувај ги или печати ги сите пораки од насилниците како докази, кои можеш да им ги прикажеш на одговорните во училиштето, интернет-провајдерите на услуги, па дури и на полицијата, кои потоа соодветно ќе можат да се справат со силеџијата.



# Случајот на Дејвид Најт

## Берлингтон, Онтарио

Дејвид Најт со години бил задеван од своите соученици. Но, задевањето станало неподносливо кога добил порака со линк до веб-сајт што можеле да го видат сите корисници на интернет, а бил креиран со цел да се навредува и исмева Дејвид и неговото семејство. Сајтот бил активен неколку месеци пред тој да дознае за тоа.

„На сајтот имаше секакви работи за мене, дека сум хомосексуалец, дека сакам помали момчиња, дека користам дроги и слично“.

На овие обвинувања се надоврзувале слични навреди и преку имејл.

Неговата мајка вели дека кога Дејвид дознал за ова, почнал да се повлекува и да се изолира од другите. Дејвид се плашел дека сите знаат за сајтот, па дури се откажал од училиштето и последната година ја завршил вонредно учејќи дома.

„Јас имам право да се поврзам на интернет или да го користам мојот мобилен телефон без да ги добивам тие пораки. Секако дека може да се затвориш во својата соба и таму да го поминеш остатокот од својот живот, но тоа не е решение“.

На крајот, семејството Најт нашло информација за сервисот на кој е хостиран веб-сајтот и по неколку упорни обраќања, издејствувале тој да биде избришан.

По ова Дејвид се обидувал да закрепне од сите сајбернавреди што ги доживеал и продолжил да го живее својот сон. Почнал да зема часови по летање, надевајќи се дека ќе стане пилот.

## СОВЕТИ:

- Денес е лесно секој да креира веб-сајт или блог до кого сите ќе имаат пристап. Постојат луѓе кои намерно прават сајтови за да поставуваат навреди за одредени лица или група луѓе.
- Интернетот овозможува криење на личниот идентитет и анонимно отворање веб-сајтови, имејл-адреси и профили на социјалните мрежи. Сепак, ваквата анонимност е мит. Секогаш остануваат некакви траги од она што го прават злосторниците, вклучително и доколку си тоа ти.
- Понекогаш може да остават твои лични податоци и слики на интернет, ставајќи те на поголем ризик да бидеш контактиран/а или најден/а. Во овој момент, онлајн-насилството веќе станува реален проблем.
- Во случај да си жртва на сајбернасилство, не молчи и не повлекувај се во себе. Кажи им на родителите, заедно ќе најдете решение.


Добредојдовте на сајтот за исмејување на Дејвид Најт
Дејвид е хомо
„Сакам млади момчиња" - Дејвид Најт (ха-ха-ха)
Што вели најчесто Дејвид?
- „Дајте ми дрогаааааа"

# Од лажен профил до вистинска закана

За мене беше вистински шок кога го видов профилот на Фејсбук со мојата слика и со моето име, но не оној што го имав креирано јас. Од моите пријатели дознав дека сум им испраќала пораки велејќи им дека тоа е мојот нов профил и дека претходниот ми го провалиле, па затоа треба да го блокираат.

По некое време моите пријатели почнале да добиваат пораки од мене кажувајќи непристојни работи. Кога дознав, им кажав дека тоа не сум јас и дека некој го користи профилот во мое име, претставувајќи се лажно. Но, штетата веќе беше направена. Видов дека постои и група во која членуваат околу сто члена каде што се пишуваат разни навреди за мене, нарекувајќи ме со секакви погрдни имиња, зборувајќи дека сум бремена и дека имам сексуално преносливи болести.

Работите не запреа тука. Почнаа да ми пристигнуваат и пораки на мобилниот телефон од повеќе различни броеви со кои ми се закануваа дека ќе ме претепаат на улица, дека ќе ме убијат ако ме видат. Сериозно ми стана страв. Не знаев што да правам. Им кажав на родителите и кога одев на училиште ме придружуваа... сè додека работите не си дојдоа на своето место.

**САЈБЕРНАСИЛНИЦИТЕ:**

- создаваат лажни профили на сајтовите за социјално вмрежување или оставаат навредливи пораки на постоечки профили
- се претставуваат со лажен идентитет онлајн за да ги измамат другите да им откријат лични податоци за својот пријател
- користат туѓи кориснички сметки за да испраќаат навредливи пораки на други луѓе или за да објавуваат слики од жртвите и без нивна дозвола
- шират лаги и гласини.

## СОВЕТ:

Ако го знаеш веб-сајтот каде што е создаден лажниот профил, постојат две работи што можеш да ги направиш:

- Употреби го системот за заборавени лозинки на сајтот за да се обидеш да добиеш пристап до профилот. Доколку насилникот ја користел твојата имејл-адреса при креирање на профилот, ова би требало да биде релативно едноставно. Повеќето системи за враќање заборавени лозинки ги користат имејл-адресите на корисниците за да им ги испратат како порака по нивно барање. Откако ќе ја добиеш лозинката, можеш и самиот/та да го избришеш профилот.
- Контактирај го администраторот на веб-сајтот и побарај профилот да биде отстранет. Ако имаш помалку од 18 години, информирањето на веб-администраторот дека си малолетник обично иницира побрз одговор. Може да размислиш и барањето да го направат твоите родители.




**ВАЖНО:**
Сајбер насилството вообичаено не се случува во еднократна комуникација, но може да ти се случи само еднаш и да вклучува смртна закана или сериозно заплашување за нанесување телесни повреди.

**ВО СЕКОЈ СЛУЧАЈ:** Биди сигурен/а дека си зачувал/а копија од профилот пред да се промени или отстрани, по можност со некоја програма за снимање веб-сајтови. Обиди се да ја снимиш страницата на твојот хард-диск и да ја документираш целата комуникација со веб-администраторот.

# Ме вознемири на чет

Бев вклучена во соба за четување кога едно момче почна сексуално да ме вознемирува, кажувајќи ми секакви работи. Не ме оставаше на мир.

Морав да ја напуштам собата за четување и да ја блокирам електронската пошта.

## САЈБЕРНАСИЛНИЦИТЕ:

Ги користат месинџерите и собите за четување за да испраќаат заканувачки или навредливи пораки.

## СОВЕТИ:

- Никогаш немој да му одговараш на насилникот. Најбрз начин да се стави крај на вознемирувањето преку чет е доколку се напушти собата за четување или се блокира корисникот на апликацијата.
- Размисли за создавање виртуелни простории за разговор исклучиво меѓу тебе и твоите пријатели, кои функционираат со праќање приватни покани.
- Извести го модераторот или одговорниот во собата за четување за настанатата ситуација. Побарај огласната табла да се затвори или да се суспендира додека постовите не се отстранат.
- Уште еднаш, биди сигурен/а дека си ги известил/а своите родители и/или претставници на училиштето доколку вознемирувањето продолжува, ескалира или претставува продолжување на училишното насилство.



# Сајбернасилнички

Ана и Марија беа најдобри другарки. Делеа сè. Си ги знаеја дури и лозинките од своите имејл-адреси, месинџер и од профилите на социјалните мрежи.

Марија се запозна со Мартин и полека почна да поминува сè повеќе време со него. Немаше толку време за Ана, која, пак, почна да се дружи со „девојките од високото друштво", така ги нарекуваа. Тие ги потценуваа сите ученички во класот, сметајќи дека се подобри од нив.

Високото друштво го искористи пријателството на Ана за да ја натераат да влезе во сметката на Марија на My Space, со цел да се подбиваат со неа. Ана беше лута што Марија не ѝ обрнуваше многу внимание во последно време, па сакаше некако да ѝ врати. На профилот на Марија поставија разголени слики, кои Ана ги имаше од деновите кога двете најдобри другарки се фотографираа на шега. Им пишуваа пораки на пријателите на Марија. Ја сменија лозинката, па таа не можеше ниту да влезе во својот профил.

Кога Марија дозна кој стои зад сево ова, многу се разлути. Почна да испраќа пораки до соучениците велејќи дека Ана е „мизерија од човек" и разни други навреди. Не помина многу време кога за ова дознаа нивните родители и одговорните во училиштето.




## СОВЕТИ:

- Чувај ја твојата лозинка! Можеш да ја споделиш со твоите родители, но со никој друг, ниту со твојот најдобар пријател/ка!

- Нагоди ги твоите кориснички сметки за имејл и за месинџер заедно со твоите родители. Не ставај го твоето полно име, возраста, адресата или телефонскиот број на твојот профил или како дел од корисничкото име. Овие податоци може да бидат злоупотребени.

**САЈБЕРНАСИЛНИКОТ:**

- Може да ја искористи твојата лозинка и да почне да разговара со други луѓе, претставувајќи се како тебе. Тој може да каже злобни работи кои ги навредуваат и разлутуваат твоите пријатели, а можеби се навредливи и за некого кого не го познаваш. Во меѓувреме, твоите пријатели нема ни да знаат дека не разговараат со тебе.
- Може да ти оневозможи пристап до твојот профил или да го измени и да вклучи сексуални, расистички и недолични содржини, кои можат да привлечат несакано внимание или да навредат некого.
- Може да праќа масовни имејл-пораки до други корисници, кои ќе вклучуваат голотија или понижувачки слики од тебе или од луѓе што ги познаваш. Откако една ваква електронска порака е испратена, не постои начин да се контролира каде ќе оди.

# „Разголени“ фотографии

Со мојата другарка се фотографиравме со мобилните телефони, позирајќи разголени, како познатите фотомодели. Мислев дека е интересно, сè додека не дознав дека таа ги препратила нашите фотографии на некои нејзини другари. Очигледно нејзе друго ѝ било интересно...

Фотографиите се препраќаа со брзината на светлината, меѓу луѓе што ги знам и меѓу луѓе што не ги знам... Дозна целото училиште. Почнаа да ми пристигнуваат и имејл-пораки со непристојни понуди. Добивав и некакви реклами, како од порностраници. Наскоро дознаа и моите родители. Никогаш не сум се чувствувала толку засрамено.

## СОВЕТИ:

- Не споделувај тајни, фотографии или што било на интернет што би можело да биде непријатно доколку за тоа дознае некој, на пример целото училиште.
- Никогаш не објавувај ги и не споделувај ги твоите лични податоци на интернет (твоето име и презиме, адресата, телефонскиот број, името на твоето училиште, имињата на твоите родители, бројот на нивната картичка од банка) или личните податоци на твоите пријатели.

**САЈБЕРНАСИЛНИКОТ:**

- Може да те фотографира во соблекувалната или во бањата и потоа оваа фотографија да ја објави онлајн или да им ја испрати на други деца користејќи мобилен телефон или имејл.
- Некој може да те регистрира за добивање имејл-пораки од маркетинг-листи, особено од порносајтови. Кога ќе добиеш илјадници имејл-пораки со порнографски содржини, веројатно ќе дознаат и твоите родители, па може да бидеш погрешно обвинет/а дека си посетувал/а порностраници.
- Го користи мобилниот телефон за да испраќа текст, видеа, слики или друг тип навредливи содржини од индивидуалци без нивна дозвола.



# Вознемирувањата ме деконцентрираа на училиште

Една од моите „пријателки“ почна да ме навредува на МСН. Ми испраќаше непристојни пораки, подоцна и преку имејл, а ова вознемирување продолжи и на училиште. Бев напаѓана со лоши зборови насекаде, на интернет и физички. Ми се закануваше. Немав каде да се скријам. Не можев да се концентрирам на училишните задачи. Постојано бев исплашена и вознемирена. Се срамев да им кажам на родителите...

**ВАЖНО:** Сајбернасилството има сериозни последици. Жртвите чувствуваат:

- намалена самодоверба
- несигурност
- несреќа
- страв
- фрустрации
- бес
- депресија
- немир
- тага
- намалено спијат и јадат
- попуштаат на училиште
- вршат повратно сајбернасилство
- зголемени нагони за самоубиство
- вршат самоубиство

## СОВЕТИ:

- Зачувај ги сите заканувачки и вознемирувачки пораки во посебна папка на компјутерот.
- Намести ги параметрите на твојот имејл, така што кога насилникот ќе ти испрати порака, таа автоматски да влезе во означената папка. Вака ќе ги чуваш доказите на сигурно, но содржината никогаш не мора да ја гледаш.




**ЗАБЕЛЕШКА: Што не е сајбернасилство?**

Во сајбернасилството мора да има малолетници од двете страни или тоа да биде поттикнато од еден малолетник против друг малолетник. Штом ќе се вмешаат возрасните, станува збор за сајберзлоупотребување или за сајбердемнење.

# Детето од Војна на ѕвездите

Момче-обожавател на „Војна на ѕвездите“ снимил домашно видео на кое може да се види како користејќи палка за голф како светлосен меч, имитира сцени од филмот. Тој дури ги имитира и звучните ефекти. Но, неговата намера била видеото да остане приватно.

Некои од неговите соученици дошле до видеото и го поставиле на интернет, од каде што многумина го симнале. Биле изработени и други верзии во кои главата на момчето била поставена во филмови како „Матрикс“ или „Господарот на прстените“. Неколку емисии го емитувале видеото.

Тинејџерот морал да се справи со срамот од поставеното видео, кое било споделено со публиката низ светот. Детето станало толку вознемирено од ситуацијата, што морало да биде под психијатриски надзор. Го променило училиштето, а неговите родители поднеле тужба во негово име.

**КАРАКТЕРИСТИКИ НА САЈБЕРНАСИЛСТВОТО:**

- Негативно или опасно однесување
- Намерно предизвикување штета
- Нееднаква сила помеѓу сајбернасилникот и жртвата
- Повторување на насилното однесување

## НЕКОЛКУ СТАТИСТИЧКИ ПОДАТОЦИ

- 33% од младите биле жртви на сајбернасилство.
- Најчеста форма на сајбернасилство е игнорирањето и непочитувањето.
- Најмногу жртви на сајбернасилство има во чет-собите, а потоа во комуникацијата преку месинџерите и преку имејл.
- 34% од младите кои биле жртви на сајбернасилство се чувствуваат фрустрирано, 30% се лути, а 22% се тажни.
- Девојчињата кои се жртви на сајбернасилство чувствуваат многу повеќе лутина од момчињата.
- 41% од жртвите на сајбернасилство, не кажале за тоа никому во реалниот живот, но 38% се довериле на онлајн-пријател.
- Само 19% од жртвите кажале некому за сајбернасилството.
- 17% признале дека извршиле сајбернасилство.
- Повеќе од половината учесници во истражувањето, сметаат дека сајбернасилството е лошо, па дури и полошо од насилството во реалниот живот.

(Извор: Истражувачкиот центар за сајбернасилство во САД, февруари, 2010, www.cyberbullying.us)



# ШТО ГО КАРАКТЕРИЗИРА САЈБЕРНАСИЛНИКОТ?

- нема силна врска со своите родители и наставници
- сака да доминира над другите луѓе
- сака да ги користи другите луѓе за да го добие она што го сака
- не ја гледа ситуацијата од туѓа перспектива
- обвинува, критикува и дава лажни изговори за своето несоодветно однесување кон жртвата
- не прифаќа одговорност за своите постапки
- е желен за внимание
- е силеџија
- чувствува социјален немир
- е вешт корисник на интернет, самоуверен за своите вештини
- може да е и самиот жртва на сајбернасилство

Сајбернасилниците вршат злоупотреба на личните податоци, објавуваат слики, лични податоци или лажни коментари и блогираат на веб-страници каде што нивните коментари може да бидат видени од секого без ваша дозвола.

## ФОРМИ НА САЈБЕРНАСИЛСТВОТО:

- **вознемирување** – константно праќање навредливи, вознемирувачки и груби пораки и порнографски материјали
- **имитирање** - пробивање во туѓи кориснички сметки и праќање лажни, засрамувачки пораки во туѓо име
- **омаловажување** - пишување гласини или други неточни изјави кои може да ѝ наштетат на жртвата, како и слики со понижувачка содржина и срамни лични информации и нивно праќање или објавување на интернет
- **измамување и јавно откривање** – споделување туѓи лични информации или измамување некого за да ги сподели своите тајни со цел да ги препраќа на други
- **вулгарно обраќање** – праќање лути пораки со вулгарна содржина
- **сајбердемнење** – константно заплашување на жртвата за својата безбедност
- **исклучување од социјалната средина**

## КАКО САЈБЕРНАСИЛСТВОТО СЕ РАЗЛИКУВА ОД ОБИЧНОТО НАСИЛСТВО?

- **може да се случува во домот на детето-жртва** – каде што тоа вообичаено би се чувствувало безбедно
- **може да биде многу посурово –** децата се многу похрабри да кажат позлобни работи на интернет, најчесто поради тоа што не мора да се соочат со реакцијата на соговорниците
- **има поголем досег –** сајбернасилниците може многу лесно да исмеат некого пред целиот клас, со само неколку клика или да потрошат неколку минути за да креираат веб-сајт со навредливи содржини кој целиот свет ќе може да го види.
- **анонимно е** – сајбернасилниците најчесто се кријат зад кориснички имиња и лажни имејл-адреси, кои не можат да ги идентификуваат. Повеќето сајбернасилници ги знаат своите жртви, но повеќето жртви, не знаат кој ги напаѓа. Ова создава дополнителна несигурност кај жртвата.

## ШТО АКО СУМ ЖРТВА НА САЈБЕРНАСИЛСТВО?

- Доколку твоите лични податоци се злоупотребени на интернет, можеш да го пријавиш случајот во Дирекцијата за заштита на лични податоци (www.dzlp.mk).
- За тешки случаи на сајбернасилство, кои вклучуваат закани, можеш да се обратиш во полиција заедно со твоите родители.
- Пријавувај ги злоупотребите на веб-сајтовите и социјалните мрежи преку соодветните опции или со обраќање директно до администраторот.

## БРЗИ СОВЕТИ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА САЈБЕРНАСИЛСТВОТО:

- Не откривај ги твоите лични податоци на интернет.
- Не кажувај ги своите лозинки.
- Не враќај на насилни пораки, само чувај ги како доказ.
- Не отворај пораки од непознати испраќачи или од деца што знаеш дека се насилници.
- Не објавувај на интернет нешто што не би сакал да го знае целиот клас.
- Не праќај пораки кога си лут/а.
- Не приклучувај се кон сајбернасилство. Ако го забележиш, пријави го на возрасен.

## АКО НЕШТО НЕ БИ МУ КАЖАЛ НЕКОМУ В ЛИЦЕ, НЕ МУ ГО КАЖУВАЈ НИТУ ОНЛАЈН!

## И САЈБЕРУДАРОТ БОЛИ!

Информирај се за твојата безбедност на интернет:

Гледај интересни филмчиња www.bezbednonainternet.org.mk/filmovi

и играј забавни игри: www.bezbednonainternet.org.mk/igri





МЕТАМОРФОЗИС
Фондација за интернет и општество

Поддржано од

Детски Театарски Центар

20 години FOUNDATION OPEN SOCIETY MACEDONIA ФОНДАЦИЈА ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА